**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 46 став 1 точка 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 49 став 1 и 2 и член 50 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
### за кривична област

За судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област е избрана:
**Емине Мурати –** судија на Основен суд Гостивар

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на 1 (еден) судија во Апелациониот суд Гостивар за кривична област, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.86/23 од 24.04.2023 година.

На објавениот оглас за избор на судии на Апелационен суд Гостивар за кривична област се пријавиле 3 (тројца) кандидати.

Постапката за избор на судии на Апелационен суд Гостивар, Советот ја спроведе согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија, а согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Советот формира Комисија која изврши проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на документите на пријавените кандидати по огласот. Со примена на Методологијата за оценување на работата на судија спроведено е редовно оценување на работата на избраниот кандидат и спроведен е психолошки тест и тест на интегритет, а претходно е спроведена и проверка на практична работа со компјутери, поради што ваква проверка сега не е спроведена.

Комисијата формирана од страна на Судскиот совет на РСМ по спроведена постапка согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд изврши рангирање врз основа на критериумите предвидени во чл.48 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ, при што се дадени поени за предвидените аспекти од критериумите и е сочинета ранг листа на кандидати, на која кандидатите со највисоки поени се рангирани на првото место. По предлог ранг листата од страна на кандидатите не се изјавени жалби за рангирањето до Комисијата. Советот одлучуваше на седница на која Комисијата достави Извештај со конечна ранг-листа на кандидати за избор на судии на Апелациониот суд Гостивар:

**КОНЕЧНА РАНГ- ЛИСТА НА КАНДИДАТИ**
**За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Гостивар**
**- за кривична област**

| Р.б р. | Име и презиме на кандидатот | Судија на | поени |
|---|---|---|---|
| 1 | **Емине Мурати** | **Основен суд Гостивар** | **66,9** |
| 2 | **Јетмир Хамзаи** | **Основен суд Гостивар** | **53,2** |
| 3 | **Ваиде Арслани** | **Основен суд Гостивар** | **52,15** |

Согласно член 49 ст.2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека за судија е избран кандидатот кој добил најмалку осум гласови од вкупниот број на членови на Советот со право на глас.

Во чл.50 ст.1 од истиот закон е предвидено дека Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува согласно со членот 49 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците во кои не се мнозинство во РСМ.

Согласно чл.23 ст.3 од Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ е предвидено дека доколку прворангираниот кандидат на листата при гласањето не го добие потребниот број на гласови, се гласа редоследно за следните кандидати од ранг листата.

На седницата одржана на ден 12.02.2024 година, Судскиот совет расправаше по однос на кандидатите за избор на судија и членовите на Советот се произнесоа за причините поради кои го даваат својот глас, а кои се нотирани во записникот од погоре наведената седница, по што Советот гласаше редоследно по ранг-листата.

Првиот кандидат од ранг листата Емине Мурати со 10 гласа -„За" го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас. Со 4 гласа - „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија согласно чл.50 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Секој член на Советот со право на глас, даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Емине Мурати има вкупен судиски стаж од 10 години и 4 месеци до денот на пријавувањето на огласот. Како судија работела на кривична материја, кривични предмети спрема малолетници и прекршочни предмети против малолетници, а при спроведеното редовно оценување за периодот 2019-2022 година е оценета со позитивна оценка со 188 бодови, при што се ценети квалитативните и квантитативните критериуми.

Според образложенијата дадени од членовите на Советот произлегува дека станува збор за стручен и професионален судија со искуство, интегритет и кредибилитет, судија кој е прворангиран на ранг листата, отскокнува во бодовите во однос на останатите двајца кандидати, предноста е во разликата во бодовите за познавање на јазик, за разлика од другите кандидати каде познавањето на јазикот е на пониско ниво, како и фактот што огласот е за кривична област, а од тројцата кандидати само судијата Емине Мурати е кривичен судија, а другите двајца судии поголем дел од работното искуство се граѓански судии и нема ијавени жалби на ранг листата, на кривична материја судијата работи повеќе од 11 години во Основен суд Гостивар, ментор е на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители, нема поднесени претставки за нејзината работа како судија, кај Комисијата која била присутна на расправа кај судијата оставено е позитивен впечаток и од особено значење е нејзиното стручно изразување и водење на расправата онака како што доликува на еден судијата, така да сите наведени квалитети судијата би ги пренела и би придонела во ажурноста и во работењето во повисок суд, во случајот Апелациониот суд Гостивар кој има потреба од искусен кривичен судија.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Советот ја избра Емине Мурати за судија на Апелациониот суд Гостивар, за кривична област.

**Бр.09-414/1**
**14.02.2024 година**
**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Весна Дамева**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Në bazë të nenit 105 paragrafi (1) alinea (1) nga Kushtetuta e Republikës së Maqedonisë së Veriut, neni 41 dhe neni 46 paragrafi (1) pika (3) të Ligjit për Gjykatat ("Gazeta Zyrtare e Republikës e Maqedonisë" nr.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.96/19) dhe neni 49 paragrafi (1) dhe (2) dhe neni 50 paragrafi (1) të Ligjit të Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.102/2019), Këshilli Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur me datë 12.02.2024 miratoi:

**VENDIM PËR ZGJEDHJEN E GJYQTARIT NË GJYKATËN E APELIT GOSRIVAR**

Për gjykatës në Gjykatën e Apelit Gostivar fusha penale është zgjedhur:

**1.EMINE MURATI- gjyqtar në Gjykatën Themelore Gostivar;**

Ky vendim do të hy në fuqi pas mbarimit të potëfuqishëm të procedurës dhe do të publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**A R S Y E T I M**

Këshillit Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut publikoi shpallje për zgjedhjen e 1(një) gjyqtari në Gjykatën e Apelit Gostivar nga fusha penale e publikuar në ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.86/23 nga 24.04.2023).

Në shpalljen e publikuar për në Gjykatën e Apelit Gostivar nga fusha penale janë paraqitur 3 (tre) kandidatë.

Procedurën për zgjedhjen e gjyqtarëve të Gjykatës së Apelit Gostivar, Këshilli e zbatoi në pajtim me Ligjin për gjykata, Ligjin për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Rregulloren e punës së Këshillit Gjyqësor të Republika e Maqedonisë së Veriut dhe Rregulloren për mënyrën erangimin të kandidatëve për zgjedhje të gjyqtarve nga gjykatë të lartë. Këshilli formoi komision të cilët verifikoi dorëzimin në afatin e fletëparaqitjeve dhe kompletimin e dokumenteve të kandidatëve të paraqitur në shpallje. Me zbatimin e Metodologjisë për vlerësimin e punës së gjyqtarit, është bërë vlerësimi i rregullt i punës së kandidatit të përzgjedhur dhe është bërë testimi psikologjik dhe testi i integritetit, si dhe më parë është bërë kontrolli i punës praktike me kompjuter, kjo është arsyeja pse një kontroll i tillë nuk është kryer tani.

Komisioni i formuar nga ana e Këshillit Gjyqësor i RMV-së e pas realizimit të procedurës, Regullores për mënyrën e rangimit të kandidatëve për zgjedhjen gjyqtarit në

gjykatën të lartë, në bazë të kriteriumeve të parapare me nenin 48 paragrafin 2 të Ligjit për Këshillin Gjyqësor të RMV-së, me të cilën janë dhënë pikë, për aspektet e parapare të kriteriumeve dhe është përpiluar rang lista e kandidatëve. Në të cilën kandidatët me më shumë pikë jan të ranguar në vend të parë.Në bazë të propozimit të rang listës nga ana e kandidatëve nuk ka paskur ankesa për rangimin deri te Komisioni. Këshilli vendosi në seancë, me të cilën Komisioni do paraqezoj raport me rang listën përfundimtare të kandidatëve për zgjedhjen e gjyqtarit në Gjykatën e Apelit Gostivar

**LISTA PËRFUNDIMTARE-LISTA E KANDIDATËVE**
**Për zgjedhje e 1(një) gjyqtari në Gjykatën e Apelit Gostivar-fusha penale:**

| Nr. | Emri dhe Mbiemri kandidatit | Gjyqtar në | pikë |
|---|---|---|---|
| 1. | Emine Murati | Gjykata Themelore Gostivar | 66,9 |
| 2. | Jetmir Hamzai | Gjykata Themelore Gostivar | 53,2 |
| 3. | Vaide Arsllani | Gjykata Themelore Gostivar | 52,15 |

Në bazë të nenit 49 paragrafi (2) të Ligjit për Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, është paraparë që për gjyqtar të zgjedhet kandidati i cili është vlersuar më së paku tetë vota nga numri i përgjithëshëm i anëtarëve të Këshillit me të drejtë vote.

Në nenin 50 paragrafi (1) i të njejtit ligjë është paraparë se Këshilli zgjedh gjyqtar dhe kryetar të gjykatës themelore dhe apelit, në të cilën gjendet në territorin e njësisë së vetëqeverisjes lokale ku 20% e qytetarëve flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase, vendos në pajtim me nenin 49 të këtij ligji, ku duhet të ketë shumicë sipas votave të anëtarëve të pranishëm që u takojnë komuniteteve në të cilat nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Në bazë të nenit 23 paragrafi (3) nga Regullorja për punë të Këshillit Gjyqësor të RMV-së parashikohet që nëse kandidati i renditur poshtë në listë gjatë votimit nuk merr numrin e duhur të votave gjatë votimit, votohet kandidati i radhës nga rang lista.

Në seancën e mbajtur me 12.02.2024, Këshilli Gjyqësor diskutoi në lidhje me kandidatëtë, anëtarët e Këshillit kanë dhënë mendimet e tyre për arsyet e votimit të tyre, të cilat citohen në procesverbalin e seancës së lartpërmendur, pas së cilës Këshilli votoi sipas radhës në rangë listën e renditjes.

Kandidati i parë në rangë listë Emine Murati me 10 vota "Për" mori votat e duhur nga numri i përgjithëshën i anëtarëve të Këshillit me të drejtë vote.

Me 4 vota "Për"kandidati mori shumën e votave të anëtarve të pranishëm që u takojnë komuniteteve që nuk janë në shumicë në Republikën e Maqedonisë së Veriut,sipas neni 50 paragrafi (1) të Ligjit të Këshillit Gjyqësor të RMV-së.

Çdo anëtar i këshillit me të drejtë vote ka dhënë arsyetim për vendimin e tij për zgjedhjen e gjyqtarit, i cili parashikohet në nenin 49 paragrafi (3) të Ligjit të Këshillit Gjyqësor të RMV-së.

Kandidattja Emine Murati ka stazh të përgjithështhëm 10 vjet e 4 muaj nga dita e paraqitjesë së shpallje.Si gjyqtar ka punuar me materje penale, lëndë penale kundër të miturve dhe lëndët kundërvajtëse ndaj të miturve,ndërsa gjatë vlersimit të rregullt për periudhën 2019-2022 ka marë notë pozitive prej 188 pikë, në të cilat janë vlersuar kriteret cilësore dhe sasiore.

Sipas aryetimit të dhënë nga ana e anëtarëve të Këshillit rezulton se bëhet fjalë për një gjyqtar,profesional me përvojë, integritet dhe besueshmëri, një gjyqtar që renditet i pari në rangë listë, kalon me pikë në krahasim me dy kandidatët e tjerë, përparsia është në pikët për njohjen e gjuhës, ndryshe nga kandidatët e tjerë ku njohja e gjuhës është në nivel më të ulët, si dhe fakti që shpallja është për fushën penale dhe nga tre kandidaturat vetëm gjyqtari Emine Murati është gjyqtare në fushën penale, ndërsa dy gjyqtarët tjer pjesën më të madhe kanë përvojë në fushën civile, dhe nuk ka bërë ankesë për rangë listën, të fushës penale, gjyqtari punonë më shumë se 11 vjet në Gjykatën Themelore në Gostivarë, është mentor i kandidatëve për gjyqtarë në Akademinë për Gjykatës dhe Prokurorë Publik, nuk ka parashtersa, kundër punës të saj si gjyqtar, te Komisioni që ishte i pranishëm në diskutim, gjyqtari la lënë një përshtypje pozitive dhe dhe me rëndësi të veçantë ishte shprehja e saj profesionale dhe udhëheqja e diskutimit ashtu siç i ka hije një gjyqtari,kështu që të gjitha kualitet gjyqtarje do ti mund ti bartë dhe kontribuar edhe në punën e gjykatës më lartë, në rast të Gjykatës së Apelit në Gostivar, e cila ka nevojë për një gjyqtar me përvojë në fushën penale.

Duke pasur parasysh të gjitha si më sipër, Këshilli zgjodhi Emine Muratin për gjyqtare të Gjykatës së Apelit në Gostivar nga fusha penale.

**KËSHILLI GJYQËSOR I**
**REPUBLIKËS SË MAQEDONISE SË VERIUT**
**Kryetar**
**Vesna Dameva**

**Nr.09.414/1**
**14.02.2024**
**Shkup**